# БИДИ ДЕЛ ОД НАШИОТ ГЛОБАЛЕН УСПЕХ
# ЗАШТЕДИ ПАРИ



**Меѓународна брошура - 2024 година**

Share Save

Flutter™

# БИДИ ДЕЛ ОД НАШИОТ КОЛЕКТИВЕН УСПЕХ



**Сакаме секој во семејството на Flutter да биде дел од нашиот колективен, глобален успех. Па така, со задоволство те информираме дека повторно го враќаме нашиот план за штедење Sharesave во 2024 година.**

Sharesave е ефективен и одржлив начин да заштедиш пари и да имаш придобивки од учеството во растечка компанија.

Sharesave е достапен за сите колеги, без разлика дали некој е вработен на неопределено или на определено време. Може да се пријавиш дури и ако си штотуку вработен/-а и сè уште си на пробна работа.*

**Еве повеќе информации за планот и како тој функционира.**

*Не може да се пријавиш за Sharesave ако си надворешно лице ангажирано со договор. Мора да бидеш во работен однос на 26 ноември 2024 година.

# Зошто Sharesave?

**Покривањето на секојдневните трошоци за живот понекогаш може да биде мошне тешко, без можност да се тргнат пари настрана, а дури и кога ќе почнеш да штедиш, одржувањето континуитет во штедењето може да претставува предизвик.**

Во твојата земја, поради сложеноста на земање одбитоци од платата и поседување посебна штедна книшка, од тебе се бара да „штедиш самостојно“. Мора да отвориш сметка на свое име и да го заштедуваш износот за кој си се пријавил/-а секој месец во траење од три години.

Од тебе се бара да потврдиш дека ќе штедиш самостојно кога ќе се приклучиш на Sharesave и на крајот од трите години, доколку одлучиш да ги купиш акциите, исто така, мора да потврдиш дека си го зачувал/-а одредениот износ секој месец и дека средствата остануваат на сметката. Може да ти биде побарано и да обезбедиш докази за месечните заштеди доколку одлучиш да ги купиш акциите.



# Како функционира Sharesave

**Штедиш месечно во период од три години (поточно 36 месеци). Имаш минимален и максимален износ што може да ги заштедуваш (и износот што ќе го избереш мора да остане ист во текот на целиот период на штедење). Минималниот и максималниот износ се исти на сите локации и се претворени во локална валута.**

Ако веќе имаш други активни планови за штедење на Sharesave, овој максимален износ важи за сите твои планови.

Пред да започнеш да штедиш со Sharesave, ќе ти биде соопштена цената на опцијата. Тоа е просечната цена на акција на 25 ноември 2024 година намалена за 25%. Ако по изминувањето на три години, цената на акцијата е повисока од ова, тоа ќе биде твоја добивка.

| Земја | Валута | Минимален месечен износ на заштеда | Максимален месечен износ на заштеда |
|---|---|---|---|
| **North Macedonia** | MKD | 750 | 30,000 |



# По изминување на три години*, можеш да избереш да:



## КУПИШ

акции на Flutter Entertainment plc со попуст од 25%. Со тоа ќе станеш акционер, и од тој момент па во иднина, ќе имаш можност да бидеш дел од нашиот глобален успех

ИЛИ ДА ГИ

## ПРОДАДЕШ

акциите што ги имаш купено - и пак ќе имаш попуст од 25%

ИЛИ ДА ГИ

## ПОВЛЕЧЕШ

заштедите, но нема да го добиеш попустот од 25%

*Ќе имаш рок од шест месеци за да одлучиш што ќе правиш кога ќе завршиш со штедењето.

# Како функционираат акциите

**На крајот од тригодишниот период, ќе имаш можност да купиш акции во Flutter Entertainment plc.**

Тоа значи дека ќе поседуваш дел од компанијата и ќе станеш акционер. Овие акции котираат на Лондонската берза и како и сите други акции, во текот на тие три години, нивната вредност ќе се движи нагоре и надолу. Општо кажано, ако остваруваме добри резултати, очекуваме цената на нашата акција да расте, а тоа ќе значи придобивки и за твојата заштеда.



# Sharesave во практика



**Еве еден илустративен пример кој ги истакнува придобивките од учество во Sharesave:**

Во 2023 година, Рик започна да штеди во Sharesave со по 70,00 евра месечно. Цената на опцијата беше утврдена на 105,28 фунти*. Во периодот од три години, тој заштеди 2.520,00 евра (еквивалентно на 2.160 фунти).

**По три години, на крајот од периодот на важење на планот за штедење, Рик забележа дека цената на акцијата се зголемила на 150,00 фунти.**

**Тој одлучи од својата заштеда да купи акции (20 акции).**

**Разликата помеѓу заштедениот износ и вредноста на неговите акции е 979,68 евра, што значи дека остварил добивка од над 35%**

*Цената на опцијата на Sharesave во 2023 година (FLTR – LSE)

Не заборавај дека резултатите остварени во минатото не мора да значи дека се показател за успешноста во иднина. Резултати од вложувањата не се гарантирани и вредноста на кое било вложување може да оди надолу, но може да оди и нагоре. Заштедата може да си ја повлечеш во целост, и тоа за време на периодот на важење на планот за штедење или пак на крајот од тој период. Во горниот пример, се претпоставува дека нема промена во девизниот курс во периодот од 3 години. За детални примери, погледни на www.flutter-shareplans.com

# Преглед на придобивките од Sharesave

## ПО ТРИ ГОДИНИ:

1

Ако ги продадеш акциите, ќе имаш придобивка од попустот од 25%, како и од секое зголемување на цената на акцијата

2

Ако станеш акционер во семејството на Flutter, ќе ја искористиш придобивката што ја нуди попустот од 25% и ќе уживаш во потенцијалот да бидеш дел од нашиот иден успех

3

Ако си ја повлечеш заштедата, ќе го добиеш износот што си го заштедил/-а - нема да загубиш ни денар

4

При искористувањето на опцијата за купопродажба на акциите, може да се наплатат данок на доход и социјални придонеси по маргинална даночна стапка. Ако се наплатат, тоа ќе се направи на разликата помеѓу правичната пазарна вредност на акциите при купопродажба и кој било износ што си го платил/-а за нив.

За подетални информации за даноците што се плаќаат во твојата земја, погледни во табелата на страница 10.

**ПОДГОТВЕН/-А СИ ДА СЕ ПРИДРУЖИШ НА SHARESAVE?** **Кликни овде за да се придружиш >**

# Би било добро да знаеме

## Ако ти се променат плановите

Знаеме дека животот може да биде непредвидлив, па затоа, добро е да знаеш дека Sharesave може да се приспособи на твоите потреби.

**Може да прекинеш со уплати во планот за штедење во период од најмногу шест месеци** (не мора да бидат последователни) и тие месеци само ќе се додадат на првичниот период на времетраење на планот кога ќе бидеш подготвен/-а да продолжиш со штедењето.

**Ако имаш подолго отсуство од работа,** ќе продолжиш да уплаќаш во Sharesave (ако платата не е доволна за да ги покрие твоите придонеси, ќе треба да поставиш траен налог). Исто така, може да направиш и пауза од штедење.

**Може да прекинеш со штедење во кое било време во текот на периодот од три години** и да си го повлечеш износот што дотогаш си го заштедил/-а.

## Ако си заминеш од Flutter

Ќе ни биде криво ако си заминеш, но и ако го напуштиш семејството на Flutter, **секогаш ќе можеш да си ги повлечеш парите што си ги заштедил/-а.** Доколку си заминуваш поради стекнување право на старосна пензија, лоша здравствена состојба или како технолошки вишок, можеш да си ја повлечеш заштедата или да си купиш помал број акции.

## Ако преминеш на друго работно место во Flutter

Ако преминеш во друга компанија од семејството на Flutter, **може да продолжиш да штедиш (но ќе треба да поставиш траен налог за да продолжиш со штедењето).**

Ако се преселиш во друга земја, на сите добивки и бонуси од планот за штедење (SAYE) ќе се применуваат правилата за оданочување што важат во таа земја, за што ќе биде разговарано со тебе во тој момент.

## Ако сакаш да дознаеш повеќе за Sharesave

**Повеќе информации можеш да најдеш на www.flutter-shareplans.com**

# Sharesave според локација

| Земја | Валута | Минимален износ на заштеда | Максимален износ на заштеда | Штедилница | Данок | Дали заштедата е заштитена? |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна Македонија** | MKD | 750 | 30,000 | Selfsave | Данок на доход се плаќа при искористување на опцијата за купопродажба на акции на разликата помеѓу правичната пазарна вредност при купопродажба и цената на купопродажбата, по маргинална даночна стапка. Данокот на доход при искористување на опцијата за купопродажба мора да се плати во текот на месецот на купопродажбата. | Да го прегледа учесникот на почетокот од периодот на штедење. |

Даночното законодавство може да се промени и правилата кои важат денес може да не бидат исти во моментот кога ќе сакаш да ги продадеш акциите. Треба да имаш предвид дека горенаведените информации не претставуваат совет, и ако не си сигурен/-на во однос на твоите даночни обврски, треба да се консултираш со овластен даночен советник

# Ако сакаш да се придружиш на Sharesave

## Пријавувањето за Sharesave за 2024 година започнува на 26 ноември 2024 година и лесно е да се пријавиш онлајн http://flutter.solium.com

**ШТЕДИШ ПРВПАТ?**
Можеш да ја активираш твојата сметка со кликање на следниот линк:

**Активирај ја мојата сметка >**

Треба да ја активираш твојата сметка користејќи ја опцијата **„Мојата службена е-адреса“.** Доколку немаш е-адреса од Flutter, ќе треба да ја употребиш твојата приватна е-адреса што е евидентирана во твојот локален систем за човечки ресурси.

Откако ќе ја внесеш точната е-адреса, ќе добиеш е-порака која го содржи линкот за активирање на твојата сметка. **Имај предвид: Е-пораката ќе бара да имаш при рака одредени информации за да го комплетираш процесот на активирање. (Дата на раѓање и презиме)**

Кликни го линкот за да пристапиш кон страната за верификација и внеси ги бараните податоци за идентификација.

Откако твојот идентитет ќе биде верифициран, креирај идентификатор за најава (login ID), корисничко име и лозинка. Имај предвид: Доколку одбереш да не креираш корисничко име, ќе ти биде доделен број на сметка како твое корисничко име. Ќе можеш веднаш да пристапиш кон твојата сметка.

**СИ ШТЕДЕЛ/-А ПРЕТХОДНО?**
Ако веќе имаш сметка на Shareworks, најави се со корисничкото име и со лозинката како и обично.

**Најавете се >**

Се пријавуваш за Sharesave во Полето за задачи (Task Area) од Контролната табла (Dashboard) - само кликни на Пријави се за договор (Apply for a Contract).

**Пријавите за овогодишниот Sharesave мора да се поднесат најдоцна до 10 декември 2024 година во [23:59 часот] средно време по Гринич**



# Важни датуми

Утврдување цена на опција на 25 ноември 2024 година

Рокот за пријавување започнува на 26 ноември 2024 година

Рокот за пријавување завршува на 10 декември 2024 година (23:59 часот по координирано универзално време)

Твоето штедење со Sharesave ќе започне на 1 февруари 2025 година.
Ако штедиш самостојно, тоа ќе треба да започне од јануари 2025 година.

Заштедата на Sharesave доспева на 1 февруари 2028 година и ќе имаш шест месеци за да одлучиш кога да ја искористиш за да ги купиш акциите по утврдената цена на опција и потоа да ги задржиш или да ги продадеш.

Ќе имаш рок до 30 јули 2028 година за да одлучиш и да нè известиш што сакаш да правиш со заштедата.

## БИДИ ДЕЛ ОД НАШИОТ КОЛЕКТИВЕН УСПЕХ

„Ги повикуваме сите колеги да размислат за придобивките и за можностите што ги нуди Sharesave. Тоа може да биде одличен избор, без разлика дали може да си дозволиш да штедиш само малку секој месец или пак сакаш да ги диверзифицираш твоите актуелни вложувања.“

Тимот на Share Plans

Flutter™

